

## Награден конкурс „Свети Николе низ фото-објективот на Светиниколчани“

Општина Свети Николе во соработка со ОУ Народен Музеј Свети Николе распишува Конкурс за избор на професионална и аматерска фотографија со мотиви од територијата на Свети Николе на тема „**Свети Николе низ фото-објективот на Светиниколчани**“ и ги поканува сите заинтересирани граѓани – жители на општина Свети Николе да конкурираат на истиот.

Предлог фотографиите треба да го изразуваат културно – историското, природното и материјално наследство на општина Свети Николе (панорамски фотографии, знаменитости, економски зони, природни убавини, флора и фауна, инфраструктура, јавни објекти, манифестации, спортски и културни настани итн.).

Фотографијата ќе треба да биде испечатена во 1 примерок (оригинал) - формат 10х15см на фото хартија во боја, истата ќе треба да биде доставена и во дигитален формат на CD во JPG или друг формат и ќе треба да се даде опис на истата. Наведеното треба да се достави во **две поединечно спакувани нетранспарентни кутии (коверт, хартија, кеса и сл.)**, на адреса:

**ОУ Народен Музеј, ул.Плоштад Илинден бр.18, 2220 Свети Николе**

на следниот начин:

- во првата затворена кутија (коверт, хартија, кеса и сл.) со назнака „Предлог фотографија – не отварајте“ на која е означена **шифра на авторот** (по сопствен избор - без име и ознака на авторот) се доставува фотографијата во формат 10х15см на фото хартија во боја и описот на истата;

- во другата затворена кутија (коверт, хартија, кеса и сл.), приложена заедно со првата и означена со **иста шифра**, се доставуваат податоци за авторот и дигитален формат на фотографијата дадена на CD, со назнака „Предлог фотографија – податоци за авторот – не отварај“.

Изработките ќе ги оценува Комисија за утврување на предлог фотографии на општина Свети Николе, формирана од страна на Народниот Музеј - Свети Николе. Доколку квалитетот на фотографиите е задоволителен, Комисијата ќе ги разгледа и ќе донесе одлука за прво, второ и трето место. Овие три фотографии како и останатите кои нема да бидат наградени, Општината и Народниот Музеј ќе стекнат право на располагање со истите со цел понатамошна употреба за промовирање на општината.

Доколку Комисијата оцени дека ниту еден од доставените предлози не ги задоволува поставените критериуми, го задржува правото да не избере ниту едно од понудените решенија.

Предлог фотографиите кои ќе бидат избрани и оние кои нема да бидат избрани, Комисијата истите ќе ги достави до Општината и Народниот Музеј, после направениот избор, а сите фотографии ќе се користат во идни промотивни активности на овие институции.

**I. Услови за конкурирање**

**1.** Повикот е општ и јавен, а право на пријавување имаат сите граѓани - жители на општина Свети Николе.

**2.** За избор на квалитетна и препознатлива фотографија на Општина Свети Николе може да се натпреваруваат само фотографии за кои авторите ги имаат доставено сите потребни елементи:

a) име на фотографијата
b) фотографија - 10x15см на фото хартија во боја
c) CD - дигитален формат на фотографија во JPG или друг формат
d) име и адреса на авторот на фотографијата
e) опис на фотографијата.

**3.** Секој автор може да достави поголем број на фотографии, но авторот треба да одлучи за една фотографија која ќе се натпреварува.

**II. Награди**

**4.** По разгледување на доставените фотографии, се одбираат 3 најуспешни, на кои за прво место се доделува парична награда во износ на 5.000 денари, а за второ место се доделува парична награда во износ на 3.000 денари и за трето место се доделува парична награда во износ на 2.000 денари, додека за сите учесници ќе следуваат признанија.

**III. Рок**

**5.** Јавниот повик е отворен до 16.12.2015 година.
**6.** Фотографиите се доставуваат на адресата на Народниот Музеј, по пошта или на рака.
**7.** Одлуката од Комисијата за најуспешни фотографии ќе ја донесе Одлуката најкасно до 17.12.2015 година.
**8.** Сите дополнителни информации може да ги добиете по писмен пат на емаил:
Општина Свети Николе: ler@svetinikole.gov.mk или на телефон 032 444 169
Народен Музеј: narodenmuzejsvnikole@yahoo.com или на телефон 032 443 610